# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Службен гласник на Општина Велес**

излегува по потреба

**Број 10 година XLVIII**
**04 Септември 2012**


**155.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2012 година до 30.06.2012 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2012 година до 30.06.2012 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.08.2012 година.

Број 08-4839/1
04.09.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.08.2012 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2012 година до 31.03.2012 година**

1.Советот на Општина Велес го усвои Кварталниот извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2012 година до 30.06.2012 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-4768/3
30.08.2012 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Славчо Чадиев с.р.

**156.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2012 година**

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2012 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29.08.2012 година.

Број 08-4839/2
04.09.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална та самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002 година) и член 45 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Велес (Службен гласник на Општина Велес бр12/06 година), Советот на Општина Велес на седницата одржана на29. 08.2012 година , донесе

**О Д Л У К А**

**За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2012година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на општина Велес за 2012 година И тоа на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **D00** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** | | | | | |
| 413110 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **E00** | **ГРАДСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | -750.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 2.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 401120 | Основни плати - државни службеници | -1.900.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | -500.000 | 0 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 500.000 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Велес и станува составен дел на Буџетот на општината за 2012 година.

**Претседател на Советот на Општина Велес**
**М-р Славчо Чадиев**

Број 07-4768/4
30.08.2012

Доставено до:
-Градоначалник
-Одделение за финансиски прашања
-Министерство за финансии Скопје
-Списи и архива

**157.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2012 година**

Се објавува Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2012 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29.08.2012 година.

Број 08-4839/3
04.09.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002 година) ,а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр. 64/05, 4/08), Советот на Општина Велес на седницата одржана на29.__08. 2012 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За проширување на средствата во Буџетот на ОпШтина Велес за 2012 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средства во Буџетот на ОпШтина Велес за 2012 година И тоа на следниот начин :

| | | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потставки :** | | | | | | |
| 742119 | Други општи и тековни донации | 0 | 0 | 1.529.692 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **1.529.692** | **0** | **0** |
| **И се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки :** | | | | | | |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | 0 | 0 | 161.130 | 0 | 0 |
| 420230 | Патување во странство - сместување | 0 | 0 | 893.287 | 0 | 0 |
| 425750 | Услуги за вонучилишни образовни активности | 0 | 0 | 158.609 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 6.666 | 0 | 0 |
| 426410 | Објавување на огласи | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 0 | 242.410 | 0 | 0 |
| 423620 | Училишни материјали | 0 | 0 | 37.590 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **1.529.692** | **0** | **0** |

### Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Велес и станува составен дел на Буџетот на општината за 2012 година.

Број 4768/5
30.08.2012

**Претседател на Советот на Општината**
**Велес**
м-р **Славчо Чадиев**

Доставено до:
-Градоначалник
-Одделение за финансиски прашања
-Министерство за финансии Скопје
-Списи и архива

**158.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за утврдување Нацрт-програма за поддршка на претприемништвото, семејните и малите бизниси**

Се објавува Заклучокот за утврдување Нацрт-програма за поддршка на прет приемништвото, семејните и малите бизниси, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.08.2012 година.

Број 08-4839/4
04.09.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.08.2012 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување на Нацрт-програма за поддршка на претприемништвото, семејните и малите бизниси**

1. Советот на Општина Велес ја утврди Нацрт-програмата за поддршка на претприемништвото, семејните и малите бизниси.

2. Сите забелешки кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени и прифатени при јавната расправа ќе бидат составен дел на Нацрт-текстот, кој ќе биде изготвен во Предлог-програма и доставен на Советот на Општина Велес на усвојување на една од наредните седници.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4768/6
30.08.2012 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

**159.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за одобрување средства од Буџетот на Општина Велес**

Се објавува Решението за одобрување средства од Буџетот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.08.2012 година.

Број 08-4839/5
04.09.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10), а согласно член 16 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2011 година („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.19/11 и 03/12),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 29.08.2012 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес**

1.На Здружение на лица со церебрална парализа - Велес, му се одобрува еднократен надоместок во висина од 30.000,оо денари, за организирање на летување на лица со инвалидност во м.в „Добре Воде“, Бар-Република Црна Гора.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2012 година, Програма А - Совет на Општина Велес, Потпрограма АО - Совет на Општина Велес, категорија 41, ставка 413, потставка 413110 - тековни разерви (разновидни расходи).

4. Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес да го изврши наведеното решение преку Одделението за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот при Општина Велес.

5. Ова Решение влегува во наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-4768/7
30.08.2012година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

**160.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за давање согласност за формирање на паралелка со помал број на ученици во ССОУ „Коле Неделковски“ Велес**

Се објавува Решението за давање согласност за формирање на паралелка со помал број на ученици во ССОУ „Коле Неделковски“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.08.2012 година.

Број 08-4839/6
04.09.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз онова на член28 од Законот за средното образование („Сл.весник на РМ" бр. 44/95.....132/12), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06,03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.08.2012 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност за формирање на паралелка со помал број на ученици во ССОУ „Коле Неделковски“**

1. Со ова Решение се дава согласност на ССОУ„Коле Неделковски“ Велес да формира паралелка со помал број на ученици за учебната 2012/2013 година и тоа:

-една паралелка во машинска струка, трет степен на образование за занимање-автомеханичар/металостругар,

-една паралелка во угостителско-туристичка струка, трет степен на образование, келнер-готвач и

-две паралелки во електро струка за образовниот профил електротехничар за компјутерска техника и автоматика.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-4768/8
30.08.2012година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

**161.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за симнување на точка од дневен ред**

Се објавува Заклучокот за симнување на точка од дневен ред Предлог-решение за разрешување претседател и членови на Организациониот одбор на Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.08.2012 година.

Број 08-4839/7
04.09.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.08.2012 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за симнување на точка од дневен ред**

1. Точката 7 од Дневниот ред: - Предлог-решение за разрешување претседател и членови на Организациониот одбор на Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“, беше симната од дневниот ред на самата седница на Советот на Општина Велес поради дополнителни консултации.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 07-4768/9
30.08.2012 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

**162.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за симнување на точка од дневен ред**

Се објавува Заклучокот за симнување на точка од дневен ред Предлог-решение за именување претседател и членови на Организациониот одбор на Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.08.2012 година.

Број 08-4839/8
04.09.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.08.2012 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за симнување на точка од дневен ред**

1. Точката 8 од Дневниот ред: - Предлог-решение за именување претседател и членови на Организациониот одбор на Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“, беше симната од дневниот ред на самата седница на Советот на Општина Велес поради дополнителни консултации.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 07-4768/10
30.08.2012 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

**163.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за разгледување на Информација за работата на полициската станица Велес за периодот од Јануари-Јуни 2012 година**

Се објавува Заклучокот за разгледување на Информација за работата на полициска станица Велес за периодот од Јануари-Јуни 2012 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.08.2012 година.

Број 08-4839/9
04.09.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.08.2012 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за разгледување на Информација за работата на Полициската станица Велес за периодот од Јануари-Јуни 2012 година**

1. Советот на Општина Велес ја разгледа Информацијата за работата на Полициската станаица Велес за периодот од Јануари-Јуни 2012 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4768/11
30.08.2012 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

**164.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02), член 27 од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Елаборат за процена на штета од елементарна непогода-град што ја зафати Општина Велес на 24.06.2012 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Елаборат за процена на штета од елементарна непогода-град што ја зафати Општина Велес на 24.06.2012 година, што Советот на Општина Велес го донесе на четвртата вонредна седница одржана на 22.08.2012 година

Број 08-4569/3
27.08.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 146, став 2 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“ бр.36/04 ..... 124/10), а согласно единствената Методологија за процена на штетите од елементарни и други непогоди („Сл.весник на РМ“ бр.75/01) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 22.08.2012 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Елаборат за процена на штета од елементарна непогода-град што ја зафати Општина Велес на 24.06.2012 година**

1. Советот на Општина Велес го усвои Елаборатот за проценка на штета од елементарна непогода-град што ја зафати Општина Велес на 24.06.2012 година.

2. Елаборатот за проценка на штета, да се достави до сите надлежни органи за постапување по истиот.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4569/2
22.08.2012 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

**165.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 91, од Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование (“Службен весник на РМ” бр. 67/04.....100/12,),

Градоначалникот на Општина Велес на ден 14.08.2012 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на директор на Општинското средно училиште „Јовче Тесличков“- Велес**

1.Панче Иванов, директор на Општинското средно училиште „Јовче Тесличков“- Велес се разрешува од функцијата директор на училиштето, заклучно со 14.08.2012 година.

2. Се задолжува разрешениот директор со новоизбраниот вршител на должноста директор во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните прописи.

3. Лицето кое се разрешува, се распоредува на работно место во училиштето соодветно на неговата стручна подготовка.

4. Ова решение стапува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 08-4394/1
14.08.2012 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Горан Петров с.р.

**166.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и 93-в од Законот за средното образование („Службен весник на РМ" бр.67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12 и 100/12),

Градоначалникот на Општина Велес на ден 15.08.2012 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на вршител на должноста директор на Општинското средно училиште „Јовче Тесличков"- Велес**

1. За вршител на должноста директор на Општинското средно училиште „Јовче Тесличков"- Велес се именува:

-Нада Јованова наставник по стручни економски предмети

2. Вршителот на должноста директор ќе ги има сите права и обврски како директор на Општинско средно училиште.

3. Се задолжува вршителот на должноста директор во рок од три дена со разрешениот директор на училиштето да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните прописи.

4. Функцијата вршител на должноста директор ќе ја извршува се до изборот на директор на Општинското средно училиште, но не подолго од 6 (шест) месеци.

5. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Бр. 08-4419/1
15.08.2012 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Горан Петров с.р.

**167.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 133, став 1, алинеја 1 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 103/08, 33/10,156/10 и 18/11, 6/12),

Градоначалникот на Општина Велес на ден 16.08.2012 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на директор на Основното општинско училиште „Блаже Конески" Велес**

1. Андон Николов, директор на Основното општинско училиште „ Блаже Конески " Велес се разрешува од функцијата директор на училиштето пред истекот на мандатот од четири години, на лично барање, заклучно со 16.08.2012 година.

2. Се задолжува разрешениот директор со новоизбраниот вршител на должноста директор веднаш да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните прописи.

3. Лицето кое се разрешува, се распоредува на работно место во училиштето соодветно на неговата стручна подготовка.

4. Ова решение стапува во сила од 17.08.2012 година, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 08-4488/2
16.08.2012 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Горан Петров с.р.

**168.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 135, точка 1 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 103/08.....100/12)),

Градоначалникот на Општина Велес на ден 16.08.2012 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на вршител на должноста директор на Општинското основно училиште „Блаже Конески“- Велес**

1. За вршител на должноста директор на Општинското основно училиште „Блаже Конески “- Велес се избира:

-Саше Андреевски

2. Вршителот на должноста директор ќе ги има сите права и обврски како директор на Општинско основно училиште.

3. Се задолжува вршителот на должноста директор веднаш со разрешениот директор на училиштето да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните прописи.

4. Функцијата вршител на должноста директор ќе ја извршува се до изборот на директор на Општинското основно училиште, но не подолго од 6 (шест ) месеци.

5. Ова решение влегува во сила од 17.08.2012 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 08-4489/1
16.08.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Горан Петров с.р.

**Бр на акт** **Страница**


| | | |
|---|---|---|
| **155** | **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2012 година до 30.06.2012 година**<br><br>**З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2012 година до 31.03.2012 година** | 213 |
| 156 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2012 година**<br><br>**О Д Л У КА за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2012 година** | 213 |
| 157 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2012 година**<br><br>**О Д Л У К А за проширување на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2012 година** | 215 |
| 158 | **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за утврдување Нацрт-програма за поддршка на претприемништвото, семејните и малите бизниси**<br><br>**З А К Л У Ч О К за утврдување на Нацрт-програма за поддршка на претприемништвото, семејните и малите бизниси** | 216 |
| 159 | **З А К Л У Ч О Кза објавување Решение за одобрување средства од Буџетот на Општина Велес**<br><br>**Р Е Ш Е Н И Е за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес** | 216 |
| 160 | **З А К Л У Ч О К за објавување Решение за давање согласност за формирање на паралелка со помал број на ученици во ССОУ „Коле Неделковски“ Велес**<br><br>**Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност за формирање на паралелка со помал број на ученици во ССОУ „Коле Неделковски“** | |
| 161 | **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за симнување на точка од дневен ред**<br><br>**З А К Л У Ч О К за симнување на точка од дневен ред** | |
| 162 | **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за симнување на точка од дневен ред** | |

**Бр на акт** **Страница**


**З А К Л У Ч О К за симнување на точка од дневен ред**

**163** **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за разгледување на Информација за работата на полициската станица Велес за периодот од Јануари-Јуни 2012 година** 219

**З А К Л У Ч О К за разгледување на Информација за работата на Полициската станица Велес за периодот од Јануари-Јуни 2012 година**

**164** **З А К Л У Ч О Кза објавување на Заклучокот за усвојување на Елаборат за процена на штета од елементарна непогода-град што ја зафати Општина Велес на 24.06.2012 година** 220

**З А К Л У Ч О Кза усвојување Елаборат за процена на штета од елементарна непогода-град што ја зафати Општина Велес на 24.06.2012 година**

**165** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на директор на Општинското средно училиште „Јовче Тесличков“- Велес** 221

**166** **Р Е Ш Е Н И Еза именување на вршител на должноста директор на Општинското средно училиште „Јовче Тесличков“- Велес** 222

**167** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на директор на Основното општинско училиште „Блаже Конески“ Велес** 222

**168** **Р Е Ш Е Н И Еза избор на вршител на должноста директор на Општинското основно училиште „Блаже Конески“- Велес** 223

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00